smartbalkansproject.org

# ПОВИК ЗА АНГАЖМАН НА СТРУЧНО ЛИЦЕ / СТРУЧНИ ЛИЦА ЗА ИЗРАБОТКА НА ВОДИЧ ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ И ВОДИЧ СО АЛАТКИ ЗА ЛОБИРАЊЕ

## I. Општи информации

Првата детска амбасада во светот МЕЃАШИ во рамки на проектот „TOMAS - Кон усогласено законодавство против сексуална злоупотреба на деца преку интернет“ објавува повик за ангажирање стручно лице/стручни лица за изработка на „Водич за застапување“ и „Водич со алатки за лобирање“.

Меѓаши е граѓанска организација чија мисија е да ги застапува и заштитува правата на децата, поттикнува одговорно родителство и почит на детската личност, го зајакнува граѓанското движење за правата на децата, детското учество и се залага за функционалност на институциите во најдобар интерес на детето. Меѓаши го промовира мировното образование, развивајки активно граѓанство засновано на принципот на ненасилство и ги негува различностите и еднаквите можности за сите.

Мандатот на Меѓаши е заштита и одбрана на детските права преку што се стреми кон остварување на својата визија за „Поправеден свет за секое дете“. Овој мандат е отелотворен во секоја активност, програма или проект што Меѓаши го спроведува, во секоја иницијатива за застапување на правата на децата и во секоја услуга што организацијата ја обезбедува.

## II. Опис и цел на проектот

Проектот „TOMAS” има за цел приклучување во борбата против онлајн сексуалната експлоатација на деца во регионот на Западен Балкан преку координирање на напорите меѓу регионалните организации на граѓанското општество и организации од ЕУ. Проектот се спроведува во периодот од 22 месеци, почнувајќи од 01 декември 2023 година. Партнерски организации во проектот се: Centar za nestalu i zlostavljanu decu - Srbija како носител на проектот, Child Rights Center Albania и Детската амбасада Меѓаши. Проектот е финансиски поддржан од Smart Balkans.

## III. Цел на проектот

Заштитата и безбедноста на децата се императив на денешнината особено во време на брзорастечко социјално влијание и употребата на интернетот. Целите на проектот се фокусирани кон зголемена свест на јавноста за важноста од активно учество на граѓанското општество во развојните иницијативи во регионот на Западен Балкан, особено на иницијативата за унапредување на националното законодавство во однос на онлајн материјали за сексуална злоупотреба на деца (Child Sexual Abuse Material - CSAM), влијанието на граѓан(к)ите врз промените како и развиени силни регионални партнерства.

### III.1 Цел на повикот

Во согласност со предвидените активности во самиот проект, ќе се обезбеди ангажман на едно или две стручни лица за изработка на два вида материјали за застапување и лобирање (анализа и прирачник). Изработката на материјалите се однесува на препознавање, развој и подигање на свеста поврзана со CSAM (Материјал со сексуална злоупотреба на деца), како и утврдување на начините, методите и можните алатки за застапување и влијание врз одредените целни групи.

За потребите на повикот потребно е да се изработат два вида на материјали:

1. **Водич за застапување (анализа на состојбата со CSAM на национално ниво)** - насочен кон утврдување на планот за комуникација, целните групи, идентификација на приоритетите, насоки за промени во законодавството и подигање на свеста поврзана со CSAM.
2. **Водич со алатки за лобирање (превенција и елиминација на CSAM) -** насочен кон утврдување на методите, каналите, начинот и алатките за застапување и создавање на влијание врз дефинираните целни групи.

За потребите за изработка на материјалите ангажираното/те стручно лице/лица треба да се координира/ат со проектниот тим на ПДАС Меѓаши за концептот, содржината и начинот на изработка на материјалите.

## IV. Опис на работни задачи

1. Координација и консултација со проектниот тим за изработка на материјалите, начинот и видот на изработка, како и дефинирање на целта на материјалите.
   - Консултативен состанок со проектниот тим поврзано со проектот и целите на материјалите.
   - Компаративен пристап во утврдување на материјалите и нивната содржина од аспект за појавата на темата на регионално ниво.
   - Изработка на нацрт верзија од материјалите.

2. Изработка на двата материјали за застапување и лобирање од страна на ангажираното/те лице/а:
   - Примена на добиените информации поврзани со проектот.
   - Изработка на материјали кои се меѓусебно поврзани и се надополнуваат.
   - Координација со проектниот тим во зависност од потребите за изработка.

3. Утврдување на конечна верзија од двата материјали за застапување и за лобирање.

## IV. Стручното лице/лица за извршените активности до проектниот тим ќе ги достави/ат следните документи:

- Финална верзија од материјалите.
- Извештај за сопствената работа.
- Пополнета листа со временска рамка.

## V. Потребни квалификации за избор на стручното/ите лице/а:

- Завршено високо образование во сегментот на општествени и политички науки.
- Искуство и одлично познавање на концептите, методите и начините кои се однесуваат на застапување и лобирање.
- Познавање на поставеноста, начинот на функционирање, процесите во националниот систем за заштита на деца од злоупотреба.
- Повеќегодишно искуство во изработка на методологии, анализи и истражувања, како и искуство во областа на застапување и лобирање.
- Способност за спроведување на квалитативни и квантитативни истражувања и анализа на податоци.

SMART Balkans
Civil Society for Shared Society in the Western Balkans
smartbalkansproject.org

CENTAR ZA NESTALU I ZLOSTAVLJANU DECU

## VI. Временска рамка

**Анализа на состојбата со CSAM на национално ниво**

| Опис на активност | Број на денови | Временски рок за испорака |
|---|---|---|
| Изработка на нацрт верзија од анализата | 1 | 31.10.2024 |
| Изработка на анализата | 3 | 06.11.2024 |
| Утврдување на конечна верзија од анализата | 1 | 08.11.2024 |

**Водич со алатки за застапување и лобирање**

| Опис на активност | Број на денови | Временски рок за испорака |
|---|---|---|
| Изработка на нацрт верзија на водич со алатки за застапување и лобирање | 1 | 11.11.2024 |
| Изработка на водич со алатки за застапување и лобирање | 5 | 18.11.2024 |
| Утврдување на конечна верзија од водичот | 1 | 20.11.2024 |

## VII. Хонорари/ Услови за исплата

Меѓаши ќе го исплати ангажираното/те лице/а по достава на сите претходно наведени документи, Исплатата ќе се изврши во рок од (15) петнаесет дена по примањето и одобрувањето на комплетна документација која опфаќа потпишан договор, извештаи и листа со евиденција на работни денови и одобрени производи (опишани во табелата погоре).

## VIII. Процес на аплицирање

Потребни документи при аплицирање:

1. Професионална биографија.
2. Писмо за мотивација (содржината во писмото не треба да надминува повеќе од половина страна, А4 формат).
3. Референци од претходни и тековни професионални искуства и соработка.

4. Финансиска понуда за работен ангажман (во понудата да биде наведено поеднична цена за секој ден и вкупен бруто износ по материјал). Бруто износ подразбира нето надомест, данок на личен доход и ДДВ.

Заинтересираните кандидати/ки може да аплицираат заедно и/или поединечно за двата вида материјали кои треба да ги испратат во електронска верзија не подоцна од 27.10.2024 на следнава адреса iro@childrensembassy.org.mk.

За дополнителни информации поврзани со наведениот повик можете да ни се обратите на горенаведената адреса.